Име и презиме: _____ *Датум:* _____

Дадени се операциите и резултатот - 2

Во следниве задачи дадени се резултатот и математичките операции со кои се доаѓа до тој резултат. Треба да ги пополните квадратчињата со броеви за да добиете точно равенство. Еве еден пример:

$$\boxed{20} + \boxed{6} - \boxed{3} = 23$$

1 Најди еден начин да ги пополниш празните полиња за да добиеш точно равенство:

а)

$$\square \cdot \square = 16$$

б)

$$\square \cdot \square + \square = 30$$

2 Најди еден начин да ги пополниш празните полиња за да добиеш точно равенство:

а)

$$\square \cdot \square - \square = 14$$

б)

$$\square \cdot (\square + \square) - \square = 22$$

3 Најди ги сите можни начини да ги пополниш празните полиња со едноцифрени броеви за да добиеш точно равенство

$$\square \cdot \square + \square = 12$$

Copyright © 2015 Математика +

Дадени се операциите и резултатот – 2

Одговори

1 Наведуваме по еден можен начин за двете равенства:

а)

$\boxed{2} \cdot \boxed{8} = 16$

б)

$\boxed{5} \cdot \boxed{5} + \boxed{5} = 30$

2 Наведуваме по еден можен начин за двете равенства:

а)

$\boxed{2} \cdot \boxed{8} - \boxed{2} = 14$

б)

$\boxed{6} \cdot (\boxed{2} + \boxed{2}) - \boxed{2} = 22$

3 За да ги најдеме сите начини, треба да најпрвин да ги најдеме сите парови едноцифрени броеви чиј производ е помал или еднаков со 12, но и поголем или еднаков од 3 (ова второво за да може производот да се собере само со едноцифрен број, па тој збир да даде 12). Ако едниот број е бројот 1, вториот број, може да биде било кој едноцифрен број од 3 до 9. Останати такви парови се: 2 и 2, 2 и 3, 2 и 4, 2 и 5, 2 и 6, 3 и 3, 3 и 4. Според ова, сите можни одговори се:

$1 \cdot 3 + 9 = 12$	$2 \cdot 2 + 8 = 12$
$1 \cdot 4 + 8 = 12$	$2 \cdot 3 + 6 = 12$
$1 \cdot 5 + 7 = 12$	$2 \cdot 4 + 4 = 12$
$1 \cdot 6 + 6 = 12$	$2 \cdot 5 + 2 = 12$
$1 \cdot 7 + 5 = 12$	$2 \cdot 6 + 0 = 12$
$1 \cdot 8 + 4 = 12$	$3 \cdot 3 + 3 = 12$
$1 \cdot 9 + 3 = 12$	$3 \cdot 4 + 0 = 12$

Copyright © 2015 Математика +